Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

Бр. 13-3369 /12 од 09.11.2020 год.

Врз основа на член 24 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 163/16, 64/18), и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 57 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл.гласник на Град Скопје" бр.8/2005 и Сл.гласник на Кисела Вода бр.13/2006), донесената програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2020 година со решение бр. 08-10497/10 од 31.12.2019 година за изработка на Детален урбанистички план за изменување и дополнување за Градска четврт Ј12 – Блок 19, по прифатена иницијатива, Градоначалникот на Општина Кисела Вода, го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета**

**по предлог ДУП за измена и дополна на Градска четврт Ј12 – Блок 19, Општина Кисела Вода**

Граници на опфатот се :

Границата на планскиот опфат за Блок Ј12.19 е дефинирана со границите на Детален Урбанистички План за градска четврт Ј12, Општина Кисела Вода, Скопје. Истата се движи како што следи:

Од Југо-запад: по регулациона линија на собирна улица бул. „Борис Трајковски";

Од Северо-исток: по оска на станбена ул. „Станбена 1";

Од Југо-исток и Северо-запад: по оска на пешачки патеки;

Опфатот е со површина од **0,33 ха.**

Јавна анкета по предлог измена и дополна на Деталниот урбанистички план за Градска четврт Ј12 – Блок 19, ќе се спроведе со излагање на предлог - Планот во барака 7 – Голема сала, Општина Кисела Вода како и на веб страната на Општина Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk.

Јавната анкета ќе трае **10 работни дена**, почнувајќи три дена од денот на објавувањето на Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

презентација по предлог Детален урбанистички план за изменување и дополнување за Градска четврт Ј12 – Блок 19, Општина Кисела Вода.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во архивата на Општина Кисела Вода. секој работен ден од 08:00-16:00 часот

**Јавна презентација по предлог Детален урбанистички план за изменување и дополнување за Градска четврт Ј12 – Блок 19, Општина Кисела Вода, ќе се спроведе со стручно презентирање на планот во барака 7 – Голема сала, Општина Кисела Вода на 20.11.2020 година во 09:30 часот.**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

На Општина Кисела Вода

**Филип Темелковски**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

ул. Петар Дељан бр. 17 Скопје – Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk